Упатство за користење на WEB страната на ЈКП Водовод - Илинден

Упатството е наменето за корисниците на официјалната WEB страна на ЈКП Водовод Илинден, со цел да се обезбедат потребните информации за подобра навигација низ неа. По отворање на страната преку линкот https://jkpvodovodilinden.com.mk/, се отвора почетната страна. На неа, во заглавието поставено е основното (хоризонтално) мени (т.е. листата на функции што таа ги нуди). Со клик на менито Е- УСЛУГИ се добива подмени со следните опции:


- Брзо плаќање
- Екорисник

Страната нуди два начини за плаќање на фактурите: со внесување на бројот на фактурата (брзо плаќање) и преку корисничкиот профил.

БРЗО ПЛАЌАЊЕ НА ФАКТУРА


Системот за брзо плаќање на фактури работи на принципот плаќање на фактури преку интернет (online) со внесување на бројот на фактурата кој се наоѓа на фактурата.


Внесувањето на податоците се врши преку соодветната секција од менито БРЗО ПЛАЌАЊЕ (означено со број 1) или преку копчето БРЗО ПЛАЌАЊЕ (означено со број 2)



Брзото плаќање се врши преку следните чекори:


1. Во полето над текстот **Број на фактура** се внесува бројот на фактурата. Страната врши контрола на внесениот број, што значи дека бројот што се внесува треба да биде важечки број на фактура (Слика 1). Во случај на внесување на неточен број, страната прикажува соодветна порака






Сл. 1

2. Се внесува e-mail адресата на уплаќачот, која се користи за доставување на известувањето за извршената уплата. Доколку корисникот е регистиран во системот при внесување на бројот на фактура полето E-mail адреса автоматски ќе се пополни.
3. Се притиска (кликнува) на копчето ПЛАТИ, со што се влегува во процесот на плаќање на фактурата (Слика 2). Доколку станува збор за фактура што не е платена или пак е делумно платена, страната ги прикажува податоците за фактурата: име и презиме на корисникот, адреса, датум на издавање на фактурата, рок за плаќање и износ што треба да се плати.




Сл. 2

4. Се потврдува политика за приватност и условите за користење на страната со штиклирање (клик) на квадратчето означено на слика 4.
5. Се притиска на копчето **ПЛАТИ** (5) (Слика 2), по кое страната врши пренасочување кон програмата на банката за електронско плаќање.



Сл. 6


6. Се притиска на копчето ОК (Слика 6), по кое се добива прозорец каде што е потребно да се внесат податоците од платежната картичка преку која ќе биде извршено плаќањето на фактурата (слика 7).
7. Се внесуваат податоците од платежната картичка (4) (слика 7).
8. Се притиска на копчето ПОТВРДИ (5) (слика 7), со што се потврдува плаќањето.



Сл. 7


По реализацијата на последниот чекор, се појавува соодветна порака за тоа дали трансакцијата била успешна или неуспешна.

Доколку трансакцијата е неуспешна се добива порака (слика 8)




Сл.8

Доколку трансакцијата е успешна се добива порака (слика 9)




Сл. 9

Соодветно на тоа се испраќа порака и на mail.



Успешно плаќање



Неуспешно плаќање